**Интервју: проф. д-р Момир Прашчевиќ, декан на Факултетот за заштита при работа во Ниш, Република Србија**

# Водечка и современа институција во школување на стручњаци во областа на заштита при работа

**Ве молиме накусо да ни го претставите Факултетот за заштита при работа во Ниш.**

Факултетот за заштита при работа во Ниш е еден од 14–те факултети на Универзитетот во Ниш. Денес е препознатлив како водечка и современа институција во образованието и науката од научната област *Инженерство на заштита на животната средина и заштита при работа* во земјата и регионот со полувековна традиција во школување на стручњаци во областа на заштита при работа. За време на постоењето на Факултетот, наставните планови и студиските програми повеќе пати беа менувани, доработувани и поправани, а се со цел да се оди во чекор со времето, современите потреби на општеството и научно–технолошките достигнувања. Основниот мотив беше и ќе биде да се развиваат и реализираат студиски програми чиј краен исход ќе биде задоволство и корист за студентите.

Факултетот школува кадри кои своето место го наоѓаат во мали, средни и големи претпријатија, големи деловни системи, министерства, комунална и санитарна инспекција,



како и инспекција за заштита при работа, заштита од пожари и заштита на животната средина, институти за заштита при работа, заштита од пожари и заштита на животната средина, институти за јавно здравје, заводи за здравствена заштита на работниците, агенции, органи на управа, образовни организации, осигурителни компании, секретаријати и здруженија.

> ***На Факултетот ви нудиме можност да стекнете современи знаења од научни области Инженерство на заштита на животната средина и заштита при работа и Менаџмент и бизнис, концепирана на современи теориски постигнувања со практична примена***



Денес Факултетот има 41 наставници, 14 соработници и 35 ненаставни работници. На Факултетот денес студираат преку 1200 студенти. Во изминатите 50 години, со дипломи на Факултетот се здобија преку 4600 стручњаци на основни студии, преку 670 на основни академски студии и преку 360 на мастер академски студии. Диплома магистер на науки за заштита при работа, заштита од пожари и заштита на животната средина до сега на Факултетот стекнаа околу 430 стручњаци. Со титула доктор на науки на Факултетот до сега се стекнале 91 кандидат со што е остварен значителен придонес за развојот на научната област *Инженерство на заштита на животната средина и заштита при работа.*

**Планирате ли некои новини и какви за академската 2018/2019 година?**

Во учебната 2018/2019 година Факултетот планира да реализира иновирани студиски програми на сите степени на студирање со значително учество на практичната работа и стручната пракса кои на студентите ќе им овозможат стекнување со практични знаења и вештини. Планирани се низа активности за подобрување на проодноста и успешноста во студирањето.

МАТУРАНТ

**Што им нуди на студентите Факултетот за заштита при работа во Ниш?**

Факултетот денес реализира и им нуди на идните студенти десет студиски програми според новиот европски концепт на образование – Болоњскиот процес: два студиски програми на основните академски студии во траење од четири години – *Заштита при работа* и *Заштита на животната средина*, шест студиски програми на мастер академски студии во траење од една година – *Инженерство на заштита при работа, Инженерство на заштита на животната средина, Инженерство на заштита од пожари, Управување со вонредни ситуации, Управување со комунален систем* и *Управување со заштита на животната средина*, и два студиски програми на докторски академски студии – *Инженерство на заштита при работа* и *Инженерство на заштита на животната средина*.

На студентите на Факултетот им е овозможен приоритет при запишување на повисоки степени на студии без полагање на приемен испит.

**По што е препознатлив Факултетот за заштита при работа во Ниш? Како ја гледате позицијата на Факултетот во однос на други сродни факултети?**

Главни предности на Факултетот се традицијата на полувековно постоење и препознатливоста во научната област *Инженерство на заштита на животната средина и заштита при работа* и школување на кадри кои денес, повеќе од било кога, и се потребни на секоја земја и општество за обезбедување на оптимални работни и животни услови на сите нас и за опстанок на човештвото.

Во 1968 година единствениот студиски програм од областа на заштита при работа се реализирал на Техничкиот факултет во Ниш. Факултетот ја добива својата самостојност во 1972 година и од тогаш до денес, развиени се многу студиски програми на нашиот факултет но и на други високообразовни установи во Србија кои повеќе или помалку се слични со нашите програми што укажува на тоа дека во таа далечна 1968 година сме го избрале вистинскиот пат за успешно работење.

Денес на повеќе високообразовни установи во Србија, се школуваат кадри во областа Инженерство за заштита на животната средина и заштита при работа на различни нивои и степени на образование, што овозможува поголема мобилност на студентите и на наставниот кадар.

**Каква е меѓународната и меѓууниверзитетската соработка на Факултетот за заштита при работа во Ниш, во што се состои и како се реализира?**

Меѓународната соработка завзема многу значајно место во активностите на Факултетот за заштита при работа. Изминатите неколку години остварена е исклучителна соработка со научни и образовни институции од Русија, Соединетите Американски Држави, Чешка, Словачка, Германија, Швајцарија, Романија, Португалија, Велика Британија, Шпанија, Австрија, Грција, Италија, Холандија, Албанија, Бугарија, Летонија, Унгарија, Норвешка, Полска, Турција, Словенија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Црна Гора и Македонија.



Се реализираат голем број меѓународни проекти на Универзитетот во Ниш и на Факултетот кои нудат можности за мобилност и размена на студенти и наставен кадар со цел за стекнување на меѓународно искуство и зголемување на знаењето и компетенциите. Реализираните активности значително го зголемуваат степенот на интернационализација на Факултетот.

Во следниот чекор, Факултетот ќе подготви понуда на студиски програми кои ќе се реализираат на англиски јазик.

**Колку нови студенти ќе запишете годинава и колку места ќе бидат предвидени за студенти од странство?**

Факултетот во учебната 2018/2019 година на основните академски студии, ќе запише по 180 студенти на студиските програми *Заштита при работа* и *Заштита на животната средина*, од кои по 80 студенти со самофинансирање на студиите на секој од студиските програми.

На мастер академските студии, Факултетот ќе запише по 32 студенти на студиските програми *Инженерство на заштита при работа, Инженерство на заштита на животната средина, Инженерство на заштита од пожари, Управување со вонредни ситуации* и *Управување со комунален систем,* од кои по 19 студенти со самофинансирање на секој од студиските програми. Факултетот дополнително на студискиот програм *Управување со заштита на животната средина* ќе запише 25 студенти од кои 15 студенти со самофинансирање.

На докторските академски студии Факултетот ќе запише по 10 студенти на студиските програми *Инженерство на заштита при работа* и *Инженерство на заштита на животната средина,* од кои по 8 студенти со самофинансирање на секој од студиските програми.

Студентите од странство можат да се запишат во квотите за студенти со самофинансирање. Студентите од српска националност кои живеат во странство можат да се запишат во квотите чии студии се финансираат. Школарината за основни и мастер академски студии е 1500 евр, а за докторски академски студии е 2100 евра. Школарината може да се плати на повеќе рати.

**Кога се уписите и кои се условите?**

Запишувањето на основни академски студии е планирано за крајот на јуни и почетокот на јули оваа година. Заишувањето на мастер и докторски студии е планирано за крајот на октомври и почетокот на ноември. Конкурсите за запишување се објавуваат на сајтот на Универзитетот во Ниш (https://www.ni.ac.rs) и на сајтот на Факултетот (http://www.znrfak.ni.ac.rs/-SERBIAN/012-UPIS.html).



Подетални услови за упис на студиските програми се дефинирани со општите актина Факултетот, односно со правилниците за основните, мастер и докторските академски студии (http://www.znrfak.ni.ac.rs/SERBIAN/009-1-08-ZAKONI_Fakultet.html).

**Каква е заинтересираноста на студентите за мастер и докторски студии на Факултетот за заштита при работа во Ниш, колку од нив продолжуваат со своето образование по дипломирањето?**

Заинтересираноста на студентите за запишување на мастер и докторски академски студии е на високо ниво. Голем број студенти се определуваат, во рамките на квотите кои Факултетот ги запишува, да продолжат со своето школување со образование кое ќе им овозможи понатамошно академско усовршување за самостојна научно–истражувачка работа во склад со трендот на развој на науката и истражувањата.

**Која е Вашата порака и совет за матурантите?**

Драги идни студенти,

Пред вас е носење на најважната животна одлука – кој факултет да запишете и која диплома ќе ви обезбеди лиценца за влез во професионалната арена на животот каде што ве чекаат многубројни професионални предизвици. Определбата за идни студии не е спонтан, туку длабоко промислен и логичен избор. Изборот на кариера претставува едно од најважните прашања кои се наметнуваат во животот на секој млад човек.

Изборот на факултет е избор на вашиот живот!

Со определбата за Факултетот за заштита при работа во Ниш, вие сте се одлучиле за една исклучително одговорна, сложена и хумана работа. Вашата одговорност се состои во во тоа што вие како идни дипломирани студенти имате задача да создавате работни и животни услови кои ќе обезбедат опстанок и иднина на човештвото во современи услови кога со несовесно однесување се загрозува неговата иднина. Во исто време, изборот на вакво идно занимање е достојно за почит и восхит.

На сите вас кои се определивте да студирате на нашиот Факултет и својот живот да го профилирате низ кариера на успешен дипломиран или мастер инженер или понатаму, научен работник, ви честитаме на изборот да се насочите кон стенување на нови знаења кои со успех ќе можете да ги примените на своето идно работно место.

На Факултетот ви нудиме можност да стекнете современи знаења од научни области Инженерство на заштита на животната средина и заштита при работа и Менаџмент и бизнис, конципирана на современи теориски постигнувања со практична примена, оние знаења кои се потребни во современи, турбулентни пазарни услови, каде снаоѓањето и опстојувањето се слични на спортска борба во која победуваат најдобрите.




МАТУРАНТ